# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПш ТИНА РАДОВИш

| Службен гласник на опШтина РадовиШ Излегува по потреба | Вторник Мај 2026 година Број 06/2026 год. | Жиро сметка бр: 758014072063018 Даночен бр.: 4023005116486 |
|---|---|---|


Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на Општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

## Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Одлука за прогласување итност на 14-та седница на Советот на Општина Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за прогласување итност на 14-та седница на Советот на Општина Радовиш, бр.08-768/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 19.05.2026 година.

Број 09-768/2 Градоначалник
Дата 19.05.2026 г. на Општина Радовиш
Радовиш Љупче Почивалец с.р.

Врз основа на член 40 од Законот за локална самоупава (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 53 од Деловникот за работа ,

Советот на општина Радовиш на XIV седница одржана на 19.05.2026 година, донесе

## О Д Л У К А
за прогласување итност на
14-та седница на
Советот на Општина Радовиш

член 1

Со оваа Одлука се прогласува итност на 14-та седница на Советот на Општина Радовиш одржана на 19.05.2026 година со цел да се донесе Одлука за избор на најдобар наставник, воспитувач и негувател во образовните установи во Општина Радовиш.

член 2

Одлуката влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш„ .

Број 08-768/1 Совет на општина Радовиш
Дата 19.05.2026 г. Претседател
Радовиш Гоце Techninec с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на Општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Одлука за избор на најдобар наставник, воспитувач и неговател во образовните установи во Општина Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за избор на најдобар наставник, воспитувач и неговател во образовните установи во Општина Радовиш, бр.08-769/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 19.05.2026 година.

| | |
|---|---|
| Број 09-769/2 | Градоначалник |
| Дата 19.05.2026 г. | на Општина Радовиш |
| Радовиш | Љупче Почивалец с.р. |

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр. 05/02), член 43 од Статутот на општина Радовиш, согласно Програма за активности од областа на образованието во Општина Радовиш за 2026 година бр. 08-1597/2 од 24.12.2025 година, а согласно Правилник за избор на најдобар наставник, воспитувач и неговател во образовните установи во Општина бр. Радовиш бр. 08-688/1 од 29.04.2026 година, а согласно доставен Извештај со предлог од Комисијата за култура, образование и спорт бр.14-753/2 од 15.05.2026 година

Советот на општина Радовиш на XIV седница одржана на 19.05.2026 година, донесе

О Д Л У К А
за избор на најдобар наставник, воспитувач и неговател во образовните установи во Општина Радовиш

Член 1

Согласно член 6 од Правилникот за избор на најдобар наставник, воспитувач и неговател во образовните установи во Општина Радовиш бр. 08-688/1 од 29.04.2026 година, Советот на општина Радовиш донесе Одлука за доделување на годишни награди на најдобри наставници, воспитувач и неговател за учебната 2024/2025 година.

Член 2

Се доделуваат годишни награди на :

1. **Зорка Христова Трајкова** – предмтен наставник по биологија и хемија, вработена во ООУ "Крсте Петков Мисирков" Радовиш (504 бода);
2. **Славица Манчева** – предметен наставник по македонски јазик и литература, вработена во ООУ "Никола Карев" Радовиш (204 бода);
3. **Марјана Илкова** – предметен наставник по биологија, вработена во ООУ "Крсте Петков Мисирков" Радовиш (189 бода);
4. **Ратка Ристова Миладинова** – наставник по англиски јазик, вработена во ООУ "Орце Николов" с. Ињево, Радовиш (145 бода);
5. **Анета Јанковиќ** – предмтен наставник по македонски јазик и литература, вработена во ООУ "Коста Рацин" с.Подареш Радовиш (189 бода);
6. **Лујза Спасова** – наставник по одделенска настава, вработена во ООУ "Крсте Петков Мисирков" Радовиш (107 бода);

7. **Александра Манасиева** – наставник по одделенска настава, вработена во ООУ “Никола Карев” Радовиш (95 бода);
8. **Тодор Стефанов** – предметен наставник по музичко образование, вработен во ООУ “Орце Николов” с. Ињево, Радовиш (90 бода);
9. **Марга Јанева** – наставник по одделенска настава, вработена во ООУ “Кирил и Методиј” с.Ораовица, Радовиш (80 бода);
10. **Јован Трајанов** – предметен наставник по музичко образование во (ПОМО – паралелки за основно музичко образование) во скоп на ООУ “Никола Карев” Радовиш (70 бода);
11. **Маја Караманова** – наставник по математика во гиназиско образование, вработена во СОУ “Коста Сусинов” Радовиш
12. **Борче Алексов** – наставник по стручни предмети од електротехничка струка во стручно образование, вработен во СОУ “Коста Сусинов” Радовиш
13. **Елена Форева** – воспитувач, вработена во ЈОУГД “Ацо Караманов” Радовиш
14. **Нина Ристова** – неговател, вработена во ЈОУГД “Ацо Караманов” Радовиш

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на општина Радовиш”.

Број 08-769/1 Совет на општина Радовиш
Дата 19.05.2026 г. Претседател
Радовиш Гоце Дединец с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на Општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Заклучок за усвојување на Извештај на Работните тела на
Советот на општина Радовиш

Го прогласувам и објавувам Заклучокот за усвојување на Извештај на Работните тела на Советот на општина Радовиш, 08-770/1

што советот на Општина Радовиш го донесе на седница одржана на 19.05.2026 година.

Број 09-770/2 Градоначалник
Дата 19.05.2026 г. на Општина Радовиш
Радовиш Љупче Почивалец с.р.

Врз основа на член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на општина Радовиш на XIV седница одржана на 19.05.2026 година, донесе

ЗАКЛУЧОК
за усвојување на Извештај на Работните
тела наСоветот на општина Радовиш

член 1

Се усвојува Извештајот на работните тела приложени на седницата на Советот на општина Радовиш одржани на 29.05.2026 година и тоа:

-Комисија за култура, образование и спорт, 8-та седница одржана на ден 15.05.2026 година;

член 2

Овој Заклучок влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш„ .

Број 08-770/1 Совет на Општина Радовиш
Дата 19.05.2026 г. Претседател
Радовиш Гоце Дединец с.р.

Содржина:

-Решение за прогласување и објавување на Одлука за прогласување итност на 14-та седница на Советот на Општина Радовиш----------------------------------------------------------1

-Одлука за прогласување итност на 14-та седница на Советот на Општина Радовиш----------------------------------------------------------1

-Решение за прогласување и објавување на Одлука за избор на најдобар наставник, воспитувач и неговател во образовните установи во Општина Радовиш---------------2

-Одлука за избор на најдобар наставник, воспитувач и неговател во образовните установи во Општина Радовиш---------------2

-Решение за прогласување и објавување на Заклучок за усвојување на Извештај на Работните тела на Советот на општина Радовиш--------------------------------------------3

-Заклучок за усвојување на Извештај на Работните тела на Советот на општина Радовиш--------------------------------------------3